Врз основа на член 22-а став (2) од Законот за студентскиот стандард („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 15/13, 120/13, 41/2014, 146/15, 30/16, 178/16, 64/18, 20/219 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/19, 248/20, 302/20, 235/24 и 111/26), министерот за образование и наука донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ НА ТИПОВИТЕ НА СТУДЕНТСКИТЕ ДОМОВИ И ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ТИПОТ НА СТУДЕНТСКИОТ ДОМ

Член 1

Со овој правилник се утврдуваат начинот на утврдување на типовите на студентските домови и поблиските критериуми за утврдување на типот на студентскиот дом.

Член 2

Тип 1 – енергетски ефикасен студентски дом е студентски дом кој ги исполнува нормативите и стандардите од членот 12 став (3) од Законот за студентскиот стандард, на кој е извршена реконструкција и ги исполнува минималните барања за енергетската ефикасност од Правилникот за енергетски карактеристики на зградите (*).

Студентскиот дом од ставот 1 на овој член, поседува Сертификат за енергетски карактеристики, со минимум класа Б.

Член 3

Тип 2 – постоечки студентски дом е дом кој ги исполнува нормативите и стандардите од членот 12 став (3) од Законот за студентскиот стандард, согласно со Правилникот за нормативите и стандардите за опрема, простор и кадар во студентските домови.

Член 4

Врз основа на Сертификатот за енергетски карактеристики со минимум класа Б, издаден од носител на лиценца за вршење на енергетска контрола на згради на реконструираниот дом, министерот за образование и наука издава потврда за Тип 1 – енергетски ефикасен студентски дом.

Потврдата од став 1 на овој член, се издава за период од 10 години, додека е со важност Сертификатот за енергетски карактеристики со минимум класа Б.

Член 5

За постоечки студентски дом, на кој не е извршена реконструкција и не ги исполнува минималните барања за енергетската ефикасност од Правилникот за енергетски карактеристики на зградите (*), министерот за образование и наука на студентскиот дом му издава потврда за Тип 2.

Потврдата од став 1 на овој член, има важност додека студентскиот дом не се реконструира и не добие Сертификатот за енергетски карактеристики со минимум класа Б, издаден од носител на лиценца за вршење на енергетска контрола на згради.

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

Бр.19-8457/1
26.6.2026 година
Скопје

Министерка за образование и наука,
проф. д-р Весна Јаневска, с.р.